# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| Број 41 | 19. АВГУСТ 2019 година . |
|---|---|

## на Општина Кавадарци

СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште | |
| Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлука за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | |
| Одлука за давање на согласност на Одлука за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | |
| Решение за објавување на Одлуката за издавање на гаранција за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | |
| Одлука за издавање на гаранција за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | |
| Исправка на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште бр.08-4492/1 од 19.08.2019 година. | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 19.08.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09- 4535 /1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.08.2019година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) , а во врска со член 59 ст.12 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“бр. 130/2009...168/2018) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 19.08.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За ослободување од плаќање надоместок**
**за уредување на градежно земјиште**

**Член 1**

Општина Кавадарци се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на детска градинка и партерно уредување во Кавадарци на : КП 14305/3 со вкупна површина од 62м2 ; КП 14305/2 со вкупна површина од 97м2 ; КП 14304/3 со вкупна површина од 55м2; КП 14304/1 со вкупна површина од 1649м2; КП 14303/6 со вкупна површина од 8м2; КП

14302/5со вкупна површина од 16м2; КП 14303/1 со вкупна површина од 80м2; КП 14303/4 со вкупна површина од 3м2; КП 16542/2 со вкупна површина од 210м2 ,со вкупна површина на градежна парцела од 2180 m2 КО Кавадарци 2 –со намена В2 на ГП бр.1.38 од ДУП за УБ „Ресавска „Кавадарци, согласно изготвена Пресметка на надоместок за уредување на градежно земјиште арх.бр. 11-4500/2 од 16.08.2019 год. по Проект изработен од ДТУ „Билд Урбан,ДООЕЛ Скопје со техн.бр.0801-236/18, во износ од 2 655 050,00 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 4492/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.08.2019 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за давање согласност на Одлука за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлука за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 19.08.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци ".

**Бр.09-4536/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.08.2019 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) а во врска со член 11 став 1 точка 4 од Законот од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/19) и член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05) ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 19.08.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука**
**за долгорочно задолжување**
**на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука со арх.бр.03-42/3 од 19.08.2019 година, за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 4522/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.08.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе ,

РЕШЕНИЕ
**За објавување на**
**Одлука за издавање на гаранција за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за издавање на гаранција за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 19.08.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр.09-4536/2**
**19.08.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 18 и член 21 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/04....192/15) и член 4 став 1 од Законот за јавен долг (Сл.весник на РМ бр.62/05...98/19), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05) Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 19.08. 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## За издавање на гаранција за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука се издава гаранција за долгорочно задолжување со својство на извршна исправа на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци и условите за задолжување под кои се издава.

### Член 2

Општина Кавадарци безусловно и неотповикливо се обврзува и ги гарантира сите плаќања на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци кои ќе произлезат од Договорот за долгорочно задолжување со својство на извршна исправа, склучен врз основа на Одлуката за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци со арх.бр.03-42/3 од 19.08.2019година , донесена од Управниот одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци и Одлука за давање на согласност на Одлуката за долгорочно задолжување ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци 08-4522/1 од 19.08.2019 година, донесена од Совет на Општина Кавадарци

**Член 3**

Општина Кавадарци дава гаранција за задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци под следните услови :

-вид на задолжување: долгорочно задолжување

-цел на задолжување: финансирање во инвестиција “Финансирање на основен проект Паркинг Кавадарци;

-вкупен износ на задолжување: 8.000.000,00 денари;

-Рок на враќање: 60 (шеесет) месеци, со вклучен грејс период на главницата по кредитот -12(дванаесет) месеци ;

**Член 4**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за издавање на гаранција за долгорочно задолжување на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ “Кавадарци бр.08-3330/32 од 27.06.2019 година

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 4522 /2**
**19.08.2019 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

**Општина :** Совет на Општина Кавадарци
**Тип :** Исправка

**Наслов :** Исправка на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште бр.08-4492/1 од 19.08.2019 година.

**Текст :** По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште бр.08-4492/1 од 19.08.2019 година, утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната ,

И С П Р А В К А

Во Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште бр.08-4492/1 од 19.08.2019 година,

Во член 1 износот од 2 655 050,00 денари, **СЕ ЗАМЕНУВА** со износ од 132 752,00денари.

.

Бр.08- 4556/3
21.08.2019година
Кавадарци

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Развигор Кабранов